РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 03-977/8
27.11 20 23 год.
КРИВОГАШТАНИ

ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики(“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.10/20) и член 58-б од Статутот на Општина Кривогаштани (“Службен гласник на Општина Кривогаштани” бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23) Иницијативниот одбор за формирање на Локално собрание на млади на општина Кривогаштани објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ДЕЛЕГАТИ И ЗАМЕНИЦИ-ДЕЛЕГАТИ НА ЛОКАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

### I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Локалното собрание на млади претставува тело кое е составено од по еден делегат и еден заменик делегат кои ќе бидат предложени од страна на младинските организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

Локалното собрание на млади објавува Јавен повик за кандидирање на членови за Локалниот младински совет на Општина Кривогаштани и ги избира членовите на младинскиот совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува трочлена комисија, составена од членовите на Локалното собрание на млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Локалниот младински совет.

Членовите на Локалното собрание на млади имаат задача:

- Да работат на спроведување на активностите на Собранието.
- Да учествуваат во подготовка на документи.
- Да изберат членови на Локалниот младински совет.

### II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

На Јавниот повик право на учество имаат претставници на: младински организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои се активни на територијата на општина Кривогаштани кои ги исполнуваат следните критериуми:

- **Да имаат активности на територијата на општина Кривогаштани;**
- **Да номинираат делегат и заменик-делегат кои се: жители на општина Кривогаштани и на возраст од 15-29 години;**

**III. НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**

Аплицирањето по однос на јавниот повик се врши во општинските простории во писмена форма или електронски на следнава е-маил адреса: opstina_krivogastani@yahoo.com

Апликантите задолжително треба да ги достават следните документи:

- **Номинација на делегат и заменик-делегат со контакт-детали за претставниците** (Прилог бр.1);
- **Образец на изјава за согласност за користење на лични од номинираното лице** (Прилог бр.2)
- **Образец изјава за прифаќање на номинацијата за делегат/заменик делегат** (Прилог бр.3)

Доставените пријави нема да бидат разгледувани по истекот на рокот на Јавниот повик.

Доставените материјалите на Јавниот повик не се враќаат.

**Јавниот повик трае 10 дена од 27.11.2023 до 06.12.2023 година**

Апликациите ќе бидат разгледани од членовите на Иницијативниот одбор за организација и одржување на Локалното младинско собрание на општина Кривогаштани а мандатите на делегатите ќе бидат верифицирани на конститутивната седница на локалното Собрание на млади на општина Кривогаштани.

**VI. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

Дополнителни информации во врска со Јавниот повик може да се добијат на тел.078 308 964

**Иницијативен одбор на млади:**

**Јована Мојаноска**____________

**Стеве Јанчески**____________

**Александра Јосифоска**____________

**Михаела Аџиоска**____________

**Александар Преспаноски**____________

Република Северна Македонија
Општина Кривогаштани
Кривогаштани